Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр.16/ 734/4
02.03.2015 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 236 од Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014 и 180/2014 ), и член 41 став 4 од Законот за инспекциски надзор ( ,,Службен весник на Република Македонија,, бр.50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013 и 41/2014), донесоа

## З А К Л У Ч О К

Постапката поведена по писмена иницијатива број 16-734/2 од 11.02.2015 година, за вршење на вонреден инспекциски надзор во ЈУ Центар за социјална работа Ресен, се запира.

## О б р а з л о ж е н и е

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика, извршија вонреден инспекциски надзор во ЈУ Центар за социјална работа Ресен, на ден 27.02.2015 година.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014 и 180/2014) и подзаконските и поединечните акти донесени врз негова основа.

При вонредниот инспекциски надзор на записник бр. 16-734/3 од 02.03.2015 година се утврди дека лицето наведено во писмената иницијатива не е корисник на права на парична помош од социјална заштита и не се констатирани неправилности во примената на Законот и подзаконските и поединечните акти донесени врз негова основа, поради што согласно член 41 став 4 од Законот за инспекциски надзор, се донесе Заклучок како во диспозитивот.

Жалбата не го задржува извршувањето на заклучокот согласно член 244 став 3 од Законот за социјалната заштита.

Заклучокот е донесен во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 02.03.2015 година под број 16/734/4.

**Упатство за правно средство**: против овој заклучок може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен против одлуките на инспекторот за социјална заштита во рок од 8 дена од денот на приемот на заклучокот преку Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектори за социјална заштита**
**Соња Стефановска**
**Пецо Аспровски**